**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 јуни 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,23 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Стојан Андов, Радмила Шекеринска, Антонио Милошоски, Гордана Јанкуловска, Зоран Ставрески, Миле Јанакиески, Никола Груевски, Андреј Петров, Али Ахмети, Ермира Мехмети, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноправно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија господин Бранко Црвенковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Државната изборна комисија.

Владата на Република Македонија предлага по итно постапка да се донесе законот за престанување на важење на Законот за арондација, и Законот за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата.

Предлозите на законите ви се доставени.

Заради рационалност, претставникот на Владата ќе ги образложи двата предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив оделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Ацо Спасеноски. Повелете.

**Ацо Спасеновски:** Благодарам претседателе.

Овие два закона се фактички закони кои се околу усогласувањето особено Законот за растенијата е Закон кој е за усогласување со Европската унија и прифаќање на листите за посебно штетни и опасни заразни болести, кои ние како Република Македонија мора да ги донесеме.

Оттаму доаѓа итноста на овој закон кој веќе 7-8 месеци чекаме да биде донесен заради прифаќње на листите.

Вториот закон, Предлог за донесување на закон за престанување на важење на Законот за арондација, поради тоа што во Република Македонија повеќе не постојат организации на здружен труд кои беа основа за спроведување на Законот за арондација, фактички ова е бришење на тој закон.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата, по итна постапка да се донесе Законот за престанување на важењето на Законот за арондација, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64, за гласаа 60, нема воздржани, против 4.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот , молам да крене рака?

Вкупно 2.

Дали има некој воздржан, нема, против нема.

Констатирам дека гласале вкупно 66 пратеници, од нив гласаа за 62, нема воздржани, против се 4.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59, сите гласа за.

Ги молам, претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?(3)

Дали има воздржани, нема, против нема.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 62 пратеници, сите 62 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија, предлага по итна постапка да се донесат Законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје, Законот за изменување и дополнување на Закон за основање на Државен универзитет, Гоце Делчев" во Штип, Законот за основање на Технолошко-технички факултет, Ветеринарен факултет и Правен факултет во состав на Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола.

Законот за основање на високообразовна установа факултет за безбедност во состав на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола, Закон за високообразовните установи на верските заедници, Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен универзитет во Тетово, Закон за изменување на Законот за просветната инспекција и Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование.

Предлозите на законите ви се доставени.

Заради рационалност, претставникот на Владата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор заменикот министер за образование господин Јован Лазаров, повелете.

**Јован Лазаров:** Почитувани пратеници,

Пред вас имате 6 закони за измени на законите за високо образование и два за средно образование.

Ако дозволите за сите заедно да дадам образложение, зошто се по итна постапка.

Анализирајќи ја структурата на населението во Република Македонија, во образовна смисла каде што само 7,28% од населението се со високо образование и околу 3,3% со више образование или заедно 10,5% од населението во Република Македонија со вишо и високо образование, Владата на Република Македонија одлучи да ја прошири мрежата на високообразовни установи и тоа преку основање на нови факултети во рамките на постојните универзитети, формирање на еден нов универзитет и отварање на дисперзирани студии на постојните факултети.

Отварањето на дисперзирани студии е со Одлука на Влада и за нив не е потребно донесување на нови закони, додека отварање на нови факултети во постојните факултети е потребно да се донесат нови закони.

За разлика од Република Македонија, во земјите на Европската унија на пример, најнизок процент на население со високо образование има Австрија околу 20%, а највисоко Англија околу 30% од населението е со високо образование.

Земја која што има скоро 50% или поточно 49,92% население со завршено основно образование или со незавршено основно образование, значи нема можност за брз економски развој.

Од тие причини ние како Влада до сега и Собрание, направивме измени во Законот за средно образование кое што го воведовме задолжително средно образование, и ние сега ја прошируваме значително мрежата на високообразовни установи, каде што граѓаните, младите луѓе на Република Македонија ќе добијат можност да студираат на државни високообразовни установи, се разбира бесплатно. Овде не треба да ги заборавиме и приватните установи, кои што се отворени и кои што исто така граѓаните или младите луѓе имаат можност да се запишат на истите.

Сега, зошто се бара овие закони да одат по итна постапка.

Согласно членот 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, постои неодложна потреба, значи неодложна потреба од донесување на законите што се денес на дневен ред на оваа седница по итна постапка со цел да се овозможи навремено извршување на сите подготовки за да може новите високообразовни установи што треба да се основаат во состав на Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип, Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола , Државниот универзитет во Тетово и новиот Универзитет за информатички технологии да започне со работа во учебната 2008-2009 година. Притоа се има во предвид сложеноста и обемноста на постапката која што е пропишана со Законот за високото образование за основање на нови високообразовни установи, како и потребата од обезбедување на неопходните претпоставки за почетокот со работа на секој одделен факултет во составот на Универзитетот согласно Законот за високото образование.

Имено, по донесувањето на овие закони, продолжува постапката за вршење на сите потребни подготовки за отпочнување со работа на новите факултети, односно на новиот Универзитет за инфорамтички технологии, според основните одредби од Законот за високо образование, при што ќе треба да се спроведат особено следните активности: формирање на матични комисии кои треба да распишат конкурси за избори на наставници и соработници, формирање на посебни рецензиони комисии од страна на матичните комисии кои треба да дадат извештај дали пријавените кандидати ги исполнуваат условите за избор на наставници и соработници, утврдување исполнетоста на условите и издавање решенија за почеток со работа од страна на Министерството за образование и наука според условите утврдени со Законот за високото образование и Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејнсот.

Оттука со цел за да се овозможи спроведување на сите овие активности и со цел непречено и навремено започнување на студиите во учебната 2008-2009 година за високообразовните установи утврдени со одделните предложени закони се предлага законите да се донесат по итна постапка.

Во Законот за дополнување на Законот за средно образование, зошто се бара и тој да се донесе по итна постапка, тука е само една мала измена во овој Закон. Имено, со постојните одредби од Законот за средно образование со кој се регулира полагањето на испитите од Државната матура, училишната матура и завршниот испит за учениците во средното образование, учениците кои се образуваат во Средното уметничко образование се ставени во неповолна положба во однос на учениците во гимназиското и стручното образование, бидејќи не можат да полагаат државна матура, а со тоа да го продолжат своето образование на сите високообразовни установи.

Од ова произлезе заклучокот дека е потребна законска промена во делот на полагање на државната матура односно на учениците во средните уметнички училишта да им се даде можност да избираат помеѓу полагање на училишна матура или државна матура, што предизвика потреба за определени дополнувања во Законот за средното образование.

Итноста од донесување на Законот за средното образование е можноста овие ученици да можат да ги полагаат испитите од државна матура во вториот августовски испитен рок и да се запишат на некои од факултетите на универзитетите во Република Македонија.

На крај еден мал Закон исто така за просветна инспекција.

Имено, согласно член 154 од нивиот Закон за прекршоци Службен весник на Република Македонија број 62/2006 година државните органи се должни во рок од 12 месеци од денот на влегувањето на сила на овој Закон да ги усогласат законите во кои се пропишани прекршочните санкции со новите прекршочни санкции пропишани со истиот Закон.

Значи, тие 12 месеци се поминати и од тие причини е потребно да се донесе овој Закон по итна постапка заради негово усогласување со Законот за прекршоци. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и на вас.

Пред да преминеме на гласање процедурално бара господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам почитуван претседателе.

Ја ценам вашата координација со координаторите на пратеничките групи и вашето толкување кое е само ваше толкување, верувам дека вие нема да паднете во замка како владиниот портпарол кој тврди дека оваа владина коалиција има поугледни правници кои можат да ја ценат уставноста поисправно од судиите на Уставниот суд.

Сакам да го искажам своето негодување и својата голема резерва за повторната повреда на основното уставно начело, а тоа е поделбата на власт.

Не може пратеникот Јован Лазаров од име на Владата да ни образлага итност на закони кои се предвидени во процедура на една претходна Влада која одговараше политички пред распуштениот парламентарен состав на 12 април оваа година.

Јас тврдам одговорно, бидејќи ги спориме сите овие постапки кои ги правите пред Уставниот суд, ќе го почитуваме начелото дека ако сметаме дека има повреда ќе ја бараме заштитата пред Уставниот суд дека сето ова што го прави во овој вакум Владата на заминување е спротивно на Уставот. Значи, нема никаква итност. Итност е само нешто што би било непредвидено да не може да функционира системот, да е загрозена безбедноста, економските токови, недај Боже да имаме некоја елементарна непогода, па тогаш да реагира овој парламентарен состав на предлог на Владата која заминува.

Вака да се тврди дека заштитата на растенијата или арондацијата која веќе не функционира 30 години е итност е само демонстрирање на апсолутна сила и автократски начин на владеење.

Затоа ние ќе се воздржиме од било каква расправа понатаму по итноста на овие предлози, а условно речено процедурата ќе ја штитиме на тој начин што сето ова што го правите ќе побараме заштита пред Уставниот суд затоа што ова е недозволено. Вие сте истакнат правник и од позиција на прв меѓу еднаквите треба да ја штитите уставноста и законитоста, а не да влезете во една ваква авантура да носиме 79 закони во период каде приоритет над приоритетите е да формираме нова Влада и таа да може политички да одговара пред Парламентот, а не вака да бидеме доведени во позиција сите и експерти и владини и невладини организации и меѓународни организации да тврдат дека во Република Македонија полека, но сигурно ја загрозуваме демократијата наместо да ја развиваме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам колега Бучковски.

Инаку, господинот Јован Лазаров итноста ја образлагаше како претставник на Владата кој е заменик министер. Во самиот Закон како претставници на Владата се напишани министерот и заменикот министер каде е напишано иемто на Јован Лазаров.

Инаку, точно е вие го искажавте своето мислење процедурално дали е согласно Уставот и законите, јас сметам дека е согласно Уставот, затоа што согласно член 93 пред Уставот на Република Македонија на Влада на која и е изгласана недоверба, која поднела оставка и на која мандатот и престанал поради распуштање на Собранието останува на должност до избор на новата Влада. Тоа го констатиравме на Конститутивната седница.

Во Законот за Влада на Република Македонија, во Законот за организација и работа на органите на државната управа, во Деловникот на Собранието на Република Македонија нема одредби со кои се регулира прашањето на надлежностите и работата на Владата на која и престанал мандатот поради изгласаност недоверба, оставка или распуштање на Собранието, како што е случајот, односно Владата, како што е утврдено во Уставот на Република Македонија останува на должност до избор на нова Влада и ги извршува сите со Устав и Закон утврдени нејзини надлежности, а нејзини надлежности се да поднесува закони до Собранието на Република Македонија.

Согласно наведеното, по мое мислење, нема уставна односно законска пречка во период до избор на новата Влада, Владата која врши должност до избор на нова Влада на Собранието на Република Македонија да му предлага донесување на закони без оглед на тоа по која постапка истите се предлагаат да се донесат. Овие се предлагаат по итна постапка.

Ова, особено поради тоа што согласно наведената уставна одредба во членот 93 став 5 е утврдено дека Владата на која и е изгласана недоверба, која поднела оставка или и престанал мандатот поради распуштање на Собранието останува на должност до избор на новата Влада.

Затоа сметам дека постапката која е направена од Владата и која е во самото Собрание сметам дека е согласно Уставот и законите.

Господине Бучковски барате пак процедурално?

Повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе, јас не барав од вас толкување, вие вашето толкување сте го дале на координацијата, јас тврдам и тоа ќе го докажеме дека е ова спротивно на правната логика.

Значи, останувањето на Владата на должност до избор на нова Влада не значи дека Владата на заминување е активна. Значи, Владата извршува должност за да не дај Боже се создаде вакум и во итни случаи не реагира за да се спречат некои ненадоместливи штети кои можат да се случат од таквото нефункционирање на Владата. Во овој случај сите овие предлози говорат дека нема некаков основ да тврдите дека на овој начин може да се функционира. Уште повеќе што потврдувате дека има уставна и законска празнина, но има практика, погледнете како функционирале сите претходни владини состави на заминување. Последното искуство во периодот на изгубени избори од 5 јули 2006 година до 26 август 2006 година кога се формираше Владата јас тогаш како избран пратеник, а претседател на Влада во заминување не потпишував ништо, туку тоа го правеше замeникот претседател на Владата Минчо Јорданов, ниту влеговме во варијантата да предлагаме нешто на парламентарниот состав.

Сметам дека иако е сега, условно речено, истиот столб на коалицијата тоа е ВМРО-ДПМНЕ на власт не му дава за право да си дозволи ваков луксуз и да го крши Уставот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и на вас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57, сите 57 за.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Двајца.

Дали има воздржан? Нема.

Против нема.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 59 пратеници од нив за предлогот гласаа сите 59 пратеници. Нема воздржани, нема против.

Ги молам службите да утврдат дали има доволен број пратеници за да биде полноважно гласањето.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата има 62 пратеници и гласањето е полноважно.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен универзитет "Гоце Делчев" во Штип го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Сите 57 пратеници гласаа за.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Тројца.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 60 пратеници, сите 60 гласаа за.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе закон за основање на Технолошко-технички факултет, Ветеринар факултет и Правен факултет во состав на Универзитетот Св. "Климент Охридски" во Битола.

Го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, сите 57 гласаа за.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Тројца.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 60 пратеници, сите 60 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе закон за основање на високообразовна установа Факултет за безбедност во состав на Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници.Сите 57 пратеници гласаа за.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Тројца.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 60 пратеници, сите 60 гласаа за.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Закон за високообразовните установи на верските заедници, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 57 пратеници, сите 57 пратеници гласаа за.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Тројца.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 60 пратеници, сите 60 гласаа за.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен факултет во Тетово, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 58 пратеници, сите 58 пратеници гласаа за.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Тројца.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Закон за изменување на Законот за просветната инспекција, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, сите 58 пратеници гласаа за.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Тројца.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 57 пратеници, сите 57 пратеници гласаа за.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Тројца.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 60 пратеници, сите 60 гласаа за.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за основање Агенција за странски инвестиции на Република Македонија.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор госпоѓа Вера Рафајловска, министер за економија.

**Вера Рафајловска:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани претставници, пратеници,

Најнапред да ви го честитам изборот и да ви посакам успешна работа.

Итноста за донесување на Предлог-законот за измени и дополнување на Законот за основање Агенција за странски инвестиции е со цел институционално и финансиски оваа Агенција да зајакне и да биде независна. Во Буџетот на Република Македонија за 2008 година е предвидена како буџетски корисник. Со оглед на тоа што овој закон беше доставен навреме расправа по него беше започната и не е завршена, предлагаме да се донесе по итна постапка законот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и на вас.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, сите 56 пратеници гласаа за.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Тројца.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 59 пратеници, сите 59 гласаа за.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за спорт.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор господин Михајло Маневски, министер за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани пратеници,

Претпоставувам дека не ми треба многу напор да ја образложам итноста од донесувањето на овој закон после импресиите од празникот на фудбалот и фудбалската Европа и воопшто празникот за фудбалот мислам дека законот кој е во Собранието неколку месеци доставен е есента 2007 година. Значи неопходно е колку што може побргу да се донесе овој закон и тоа ја налага итноста, бидејќи треба да се уреди прашањето на регистрацијата на спортските клубови во Централниот регистар, прашањето за статусот на спортистите, професионалниот спортист, статусот спортист, спортска надеж, спорско признание на заслужени спортисти. Значи сето она што практично треба да биде уредено со законот е од иден карактер и мислам дека тоа го налагаат неговото донесување. Република Македонија прави напори, создава објекти, гради фискултурни сали, направи велелепна спортска сала. Република Македонија ќе учествува и се квалификува да учествува во врвни спортски натпреварувања или спортски натпреварувања организира и мислам дека ова што е спортот, а спортот е составен дел од животот особено на младите генерации и мислам дека не треба повеќе образложување за итноста за донесувањето на овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и на вас.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, сите 58 пратеници гласаа за.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Тројца.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи, Законот за изменување и дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозити, Законот за изменување и дополнување на Законот за девизно работење, Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот и Законот за Кредитно биро.

Предлогозите на законите ви е доставени.

Поради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе вршиме за секој од нив оделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседателе.

Еве јас прв пат на говорница во овој парламентарен состав, ви го честитам изборот за претседател на Парламентот, а на пратениците да им посакам успешна работа.

Почитувани,

Пет измени и дополни на закони кои што претходно беа доставени во Парламентот, но не стигнаа на дневен ред, сега се ставаат од страната на Владата или се предлагаат како закони по итна постапка. Јас само по неколку збора ќе ја образложам итноста на секој од нив.

Законот за Управата за јавни приходи се предлага да се измени затоа што Управата за јавни приходи е многу значаен орган на Државната управа. Правно лице во состав на Министерството за финансии кое се грижи за наплатата на јавните приходи во Република Македонија. Овој орган повеќе години, последните две години се наоѓа во процес на модернизација и таа модернизација треба да се заокружи со измена на статусот на дел од вработените во Управата за јавни приходи. Тоа е неопходно да се направи по итна постапка затоа што од тоа во голема мера зависи остварувањето на приходите во Буџетот на Република Македонија.

Вториот закон што го спомнавте односно измени и дополни на Законот за Фондот за осигурување на депозити се предлага од причина што е неопходно усогласување со Законот за прекршоци. Имено, ова е потребно да се направи за да не се предизвикаат штети во функционирањето на институциите односно во оваа сфера, затоа што треба да се основа и комисија за посредување која ќе треба во рамките на своето овластување на надлежности да посредува помеѓу прекршителите и Фондот за осигурување на депозити.

Третиот е Законот за девизно работење кој што се предлага да се измени и дополни со неколку одредбни, но основно е повторно усогласување со Законот за прекршоци. Имено, тоа е неопходно за да се одстранат сите можни штетни последици

кои можат на настанат од аспект на дисциплината на субјектите на кои се однесува овој закон.

Законот за задолжително осигурување во сообраќајот покрај тоа што треба да се усогласи со Законот за прекршоци, предвидува одредби со кои што треба на Комисијата која што е формирана за регулација на оваа сфера да и даде можност при утврдувањето на цената на зелената карта поголема надлежност и на Министерството за финансии со цел да се избегне монополот при утврдување на цените во овој вид на осигурување во сообраќајот во Република Македонија.

И последниот е Законот за Кредитно биро, почитувани пратеници.

При подготовката минатата година бевте информирани како течеа и која беше оправданоста на овој закон, како течеа подготовките во соработка со банкарскиот сектор во Република Македонија. Имено сме во фаза во која што банкарскиот систем и целиот финансиски систем забрзано се развива. Овој закон треба да обезбеди формирање на една институција која ќе ги обезбеди си податоци од аспект на кредитно способноста на барателите на финансиски средства и ќе ја зајакне довербата на целокупниот финансиски ситем што е неопходно потребно во моментот во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и на вас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, сите 58 пратеници гласаа за.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Тројца.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозит го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, сите 58 пратеници гласаа за.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Тројца.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за девизно работење го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, сите 58 пратеници гласаа за.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Тројца.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, сите 58 пратеници гласаа за.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Тројца.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за Кредитно биро го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници и сите 58 гласале за.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници ви Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(тројца)

Дали има некој воздржан ?(нема)

Дали има некој против?(нема)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 61 пратеник , сите 61 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесат Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување и Законот за заштита на правата на пациентите.

Предлозите на законите ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи двата предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор господин Имер Селмани, министер за здравство. Повелете.

**Имер Селмани:** Почитувани пратеници, почитуван претседател на парламентот.

Причината од неопходноста од донесување на овој закон е од причина што веќе година и повеќе овој закон во неколку наврати беше во јавна расправа, беше на дискусија, помина еднаш и во овј парламент беше одобрен како прва верзија и се разбира дека дополнителна причина е не само одолговлекувањето на донесивање на овој закон туку и неопходноста од потребата за донесување на закон кој закон ќе ги уредува заштитата на правата на пациените и се разбира дека на некој начин од формално правен аспект ја уредув амњетеријата на односот на пациентот о здравствената установа, пациентот и здравствениот работник и дека со овој закон целосно ќе се инкорпорираат позитивните вредности на Европската Унија и на сите препораки кои значат добра пракса за отчетност во работењето на здравствените работници за подигање на дигнитетот на достоинството на пациените, за информираноста на пациените и се разбира за ставање на една дисциплина, еден вистинскиоднос помеѓу односте пациент и здравствен работник. Од таа причина почитуван претседателе го предлагаме овој закон за донесување по итна постапка. Инаку овоја закон е хармонизиран со стручњаците, експретите од оваа област, во координација со лекарската комора, со еснафските здржениja и се разбира со претставниците на пациентите односно Здружението за заштита на потрошувачите.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена осигурување го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници и сите 58 гласале за.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници ви Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(тројца)

Дали има некој воздржан ?(нема)

Дали има некој против?(нема)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 61 пратеник , сите 61 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка дасе донесе законопт заштита на пациенти го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници и сите 58 гласале за.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници ви Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(тројца)

Дали има некој воздржан ?(нема)

Дали има некој против?(нема)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 61 пратеник , сите 61 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесат Законот за градежно земјиште и законот за изменување и дополнување на Законот за градење.

Предлозите на законите ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи двата предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор господини заменик Скендер Палоши.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Со решенијата предложени во предлогот на законот се предвидува градежното земјиште да може да се оутѓува и да се дава под долготраен закуп, а се воведува и принципот на јавност и трнаспарентност во поглед на правата врз земјиштата.

Важно е да се истакне дека и покрај тоа што општините и градот Скопје се правни лица, за ниб во законот е предвидена можност градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да се дава под долготраен закуп без надоместок заради извршуивање на функциите и работите кои се надлежност на општините и на градот Скопје.

Уште една новина во законот е што во одредбите за правото на долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, се предвидува можност земјиштето во заштитниот појас на јавните патишта да се дава под долготраен закуп заради негова економична и рационална употреба, а за поставување на инфасруктирни системи, врз основа на заверен проект од надлежен орган, за што се плаќа и закупнина. Се ова има цел за поефикасно и побрзо поставување односно градење на вакви системи на градежно земјиште сопственост на Република Македонија .

Долку исттите би се поставувале односно граделе на неизградено земјиште сопственост на физички и правни лица, постапката би била многу подолга поради расчистување нам имотно правните односи помеѓеу повеќе субјекти со што поставувањето на вакавата инфраструктура која е од јавен интерес би била многу поскапа.

Во предлогот на законот новина е градежното земјиште сопственост на Република Македонија да може да се разменува со други лица и тоа во случаите кога земјиштето е пленирано со детални урбанистички планови и други планови.

Од особено значење се и прописите од членот 14 од Предлог закон  во кој стио дека градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се оутѓува со долго траен и краткотраен закуп, со јавно надавање и по пат на прибирање на понуди.

За крај сакам да истакнам дека со предлогот за донесување на законот за градежно земјиште со Предлог на закон освен што се олеснуваат процедурите за добивање на одобренија и се воспоставувааат други поволности за граѓаните, македонската законска регулатива се усогласува со законодавството на ЕУ во насока на наше побрзо интегрирање во европското семејство.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата  по итна постапка да се донесат Законот за градежно земјиште, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници и сите 57 гласале за.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници ви Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(тројца)

Дали има некој воздржан ?(нема)

Дали има некој против?(нема)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 60 пратеник , сите 60 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка  да се донесе закон за изменување и дополнување на Законот за градење, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници и  57 гласале за, еден против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници ви Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(тројца)

Дали има некој воздржан ?(нема)

Дали има некој против?(нема)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 61 пратеник , од кој 60 гласаа за, еден против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Верификационата комисија предлага дневниот на оваа седница дасње дополни со верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија

Предлогот на Комисијата ви е поделен.

Го молам претседателот на Верификационата комисија  да ја образложи итната и неодложна потреба, верификацијата на мандатите на пратеници во Собранието на Република Македонија , да биде разгледана на оваа седница.

Има збор претседателот на Верификационата комисија Светлана Јакимовска.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам претседателе.

Верификационата комисија денес одржа седница и го разгледа извештаајот на Државаната изборна комисија за верификација на мандати на на двајца пратеници во ова Собрание. Предлагаме на денешната седница оваа верификација да се изврши од причини што на претходната седница на Собранието беа констатирани оставки на двајца пратеници.

Согласно законоските прописи Собранието ја извести Државната изборна комисија.  Државната изборна комисија постапувајќи по известувањето на Собранието достави и извештај до Собранието односно до Верификациона комисија. Комисијата го разгледа извештајот на Државната изборна комисија и изготви свој извештај кој што е поделен на на пратениците  во Собранието. Предлагаме овој извештај да го прифати Собранието и да го верификува мандатот на новите пратеници. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Комисијата за верификација на мандатите да се разгледа на оваа седница  го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници и сите 65 гласале за.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници ви Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(тројца)

Дали има некој воздржан ?(нема)

Дали има некој против?(нема)

По предлогот на комисијата вкупно гласаа 68 пратеници сите 68 за.

Констатирам дека предлогот на комисијата е усвоен.

Според тоа за седницата го предлагам следниот дневен ред:

1. Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија;

2. Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за арондација;

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата;

4. Предлог на закон за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје;

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен универзитет "Гоце Делчев" во Штип;

6. Предлог на закон за основање на Технолошко-технички факултет, Ветеринарен факултет и Правен факултет во состав на Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола;

7. Предлог на закон за основање на високообразовна установа Факултет за безбедност во состав на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола;

8. Предлог на закон за високообразовните установи на верските заедници

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен универзитет во Тетово;

10. Предлог на закон за изменување на Законот за просветната инспекција;

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование;

12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за странски инвестиции на Република Македонија;

13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спорт;

14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи;

15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозити;

16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење;

17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот;

18. Предлог на закон за Кредитно биро;

19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување;

20. Предлог на закон за заштита на правата на пациентите;

21. Предлог на закон за градежното земјиште;

22. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење;

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред. Има збор пратеникот Јани Макрадили.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Како ни тргна без Влада не мора ни да бираме. Овие што се пратеници во улога на самонаречени или самопрозвани министри супер си ја вршат работата.

За жал праксата на не европска агенда на ВМРО-ДПНМЕ продолжува и во овој собраниски состав. Мислев дек тоа е само хендикеп на претседателот, но очИгледно тоа е политика што ВМРО-ДПМНЕ ја води.

Ниа овед во Собранието добивме преглед на закони кои Собранието на Република Македонија треба да ги донесе поитна постапка. Во нив има 11 закони кои се со европското знаменце.

Од необјасниви причини , можеби за граѓаните, а ние знаеме дека ВМРО-ДПМНЕ ја нема еврпоската агенда како приоритет, Владата се реши денес или вие закажавте седница во која ги нема тие европски закони. Затоа предлагам денешната седница да се дополни со законите кои го имаата европското знаменце, предложени овде на список од страна на Владата и тоа Предлогот за донесување по итна постапка на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување, Предлогот за донесување по итна постапка на закон за изменување и дополнување на Законот за кривична постапка, законот за нотаријат, законот за посапување по претствки и предлози, законот за облигациони односи, законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, законот за измени и дополнување за семејство, мислам дека е еден од приоритетите, законот за облигационоте и стварно правните односи во воздушниот сообраќај и законот за води. На тој начин ќе покажеме дека се наоѓаме на европскиот пат и дека прво треба да ги поминеме тиа закони, а потоа да се занимаваме со закони кои го немаат европското знаменце а си имаат некоја друга логика.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Само за информација да кажам дека ние на координација се договоривме и јас дадов ветување дека на следната седница ќе биде најверојатно во петок, ќе бидат ставени овие закони што се со европско знаменце.

Предлогот на господинот Јани Макрадули го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници,за гласаа 16, воздржани нема, против 52 .

Го молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници ви Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(никој)

Дали има некој воздржан ?(нема)

Дали има некој против?(тројца)

Вкупно гласаа 71 пратеник, за гласаа 16, воздржани нема , 55 против.

Констатирам предлогот на господинот Јани Макрадули.

Има збор господинот Васко Шутаров.

**Васко Шутаров:** Благодарам претседателе

Предлагам точките 2 и 3 од предложениот дневен ред, закон за арондација и законот за здравјато на растенија од позициите 2 и 3 , да дојдат на позициите 10 и 11. имено предлагам точките 2 и 3 да се поместат како точки 10 и 11, а сетот закони од образование, значи точките од образование да бидат од точка 2 до точка 9.

**ТрајкоВељаноски:** Благодарам.

Овој предлог ќе го ставам на гласање откако ќе биде усвоен дневниот ред затоа што е измена на редоследот на точките.

Предложениот ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, за гласаа 52, воздржани нема, против 17 .

Го молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници ви Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(четворица)

Дали има некој воздржан ?(нема)

Дали има некој против?(нема)

По предложениот дневен ред вкупно гласаа 73 пратеници, за гласаа 56, воздржани нема , 17 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Со оглед на предлогот од пратеникот Васко Шутаров за измена на редоследот на точките, би сакал, пред да го ставам на гласање, предлогот да го повторите за точките 2 и 3. Ве молам од ваша страна да биде кажано за да можат да гласаат.

**Васко Шутаров:** Почитуван претседателе, точките 2 и 3 од усвоениот дневен ред да бидат како точки 10 и 11.

**Трајко Вељаноски:** Дали има поддршка од 10 пратеници. (Има повеќе од 10)

Предлогот точките 2 и 3 да бидат 10 и 11 го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64, за гласаа 54, воздржани нема, против 10.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по извештајот.

Ве повикувам да гласаме.

Кој е за? (Четворица)

Кој е воздржан? (Нема).

Кој е против? (Нема).

Вкупно гласаа 68 по Предлогот од кои 58 за, 10 против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Мојот предлог е краток и јасен и ќе го искостам своето право да ја предложам оваа измена и покрај тоа што и после вонредните парламентарни избори за жал Македонија сеуште останува земјата на чудата.

Предлогот на господинот Макрадули апсолутно предност да добијат законите кои носат пред себе европско знаменце не само припадниците на владеачкото мнозинство поттикнати најгласно од пратеникот Влатко Ѓорчев гласаа против, туку и нашите колеги кои седат од левата страна а во овој момент не знаат ни сами што се, колеги ли ни се, министри во оставка ли се, тоа во Македонија сеуште никој не го знае.

Мојот предлог гласи: единствениот закон на Третата седница во овој собраниски состав Законот за заштита на пациентите да биде под реден број 2 веднаш после варификацијата на мандатите на новите пратеници.

Не се сомневам иако сериозно очекував барем ваш воздржан однос кон давање на приоритет на европските закони вие повторно колеги пратеници од владеачкото мнозинство останувате исти. Дење говорите дека европската агенда ви е стратегија, а токму тука кога ќе треба тоа и да го материјализирате се себе откривате, што подалеку од Европа тоа подобро за Влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот точка 20 да биде точка 2 го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, за гласаа 19, воздржани 3, против 46 пратеници.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Нема).

Дали има воздржан? (Нема)

Кој е против? (Четворица)

Вкупно гласаа 72 пратеника, од кои 19 за, 3 воздржани, 50 против.

Констатирам дека не е прифатен предлогот.

**Минуваме на точка 1 - Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија**

Извештајот на Верификационата комисија Ви е поделен.

Отворам претрес по Извештајот на Верификационата комисија.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги ставам на гласање Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија за верификација на мандатите на пратениците Дарка Петрушевска и Лилјана Затуроска.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеника, сите 67 гласаа за.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија со кревање на рака.

Кој е за Предлогот молам да крене рака? (Четворица).

Дали има воздржан? (Нема).

Кој е против? (Нема).

По Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија вкупно гласаа 71 пратеник, сите 71 гласаа за.

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатите на пратениците Дарка Петрушевска и Лилјана Затуроска.

На колешките им честитам и им посакувам успешна работа.

Пред да преминеме на втората точка би дал пола сат пауза поради потреба од промена на редоследот кој што го изгласавме и сценариото.

Благодарам.

Давам пауза од 30 минути.

Продолжуваме во 13,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,26 часот)

**Трајко Вељаноски: Продолжува со работа.**

**Минуваме на точката 2 - Предлог на закон за основање на универзитет за инфорамтички технологии во Скопје.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија  и член 11 став 4 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците овој Закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Марјанчо Николов поднесе амандмани на Насловот на Предлогот на закон и на членот 3 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Јани Макрадули и Славица Грковска поднесоа амандмани на член 4 став 2 и за додавање нов член 5-а по членот 5 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на Насловот на Предлогот на законот поднесен од пратеникот Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Живко Јанкуловски, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам**.**

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, господин претставник на Владата, јас знам дека законот е по итна постапка и дека согласно Деловникот за работа започнуваме по амандманите, но би сакал да добиеме согласно Законот за високо образование материјали за д аможеме да се изјасниме.

Во Законот за високо образование има пропишанопроцедура што се треба да содржи за да можеме ние да се изјасниме. Знам дека е итна работата, дека е елементарна непогода, на пример Рафајловска ја гледам, таа е триплав оставка, од јануари, па го изгуби мандатот на 12 јануари, значи во трипли е отсутна.

Господинот Јанкулоски  не знам во кој стадиум е сега. Сега нас ни треба да се изјасниме согласно закон. Не бараме ништо друго. Проект, мислење од Одборот за акредитација. Финансиски извештај. На Собранието да личи на институција како што треба.

Би ве замолил претседателе, ја имате таа можност, ги имате пратениците, имате мнозинство ама дајте да донесеме закон како што пишува во Законот за високо образование. Да не правиме импровизации, да не бараме оправдување во овие невозможни ситуации во кои што се наоѓа Владата. Сега господинот Мазаров му дошепнува на бившиот вице премиер па ќе дојде овде да гласа, па после пак ќе се врати. Оваа рашамонијада да престане, да имаме материјал за кој Што ќе се изјасниме.

Затоа процедурално барам од вас согласно Законот за високо образование да ги имаме сите материјали што ни требаат за да можеме да се одлучиме како  пратеници. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Славица Лошкова Грковска.

(Пратеникот Јани Макрадули, реагира од место)

Има Закон кој што ви е доставен, има амандман од вас, Владата се има произнесено дека не се прифаќа...

(И понатаму пратеникот Јани Макрадули реагира од место).

Ве молам господин Јани Макрадули. Значи, имаме Закон кој што е доставен до пратениците, има амандман од ваша страна по кој што Владата се произнесе дека не го прифаќа. Јас не гледам Што други материјали би требало.

Има збор Славица Лошкова Грковска, повелете.

**Славица Лошкова Грковска:** Благодарам претседателе.

Ве молам да ја уважите забелешката на господинот Макрадули заради тоа што она што го добивме практично не е потполн предлог и по сите основи претставува преседан на начинот на

кој што се примени овие закони во Собранието на Република Македонија.

Согласно член 31 од Законот за високо образование покрај студиските подрачја кои што треба да ги содржи предлогот што ни е даден, треба да содржи и многу други детали пред да почнеме ние да го разгледуваме.

Еден од многу важните детали без кој што ниту еден закон не смее да влезе во Собранието на Република Македонија во процедура се финансиските средства од кои ќе се спроведува и реализира законот.

Многу закони во сите парламентарни состави до сега воопшто не биле примени во Собранието заради тоа што делот за финансиските средства не бил содржан во Предлогот на законот.

Ние имаме проекти, ние имаме Предлог на закони кои што воопштоне содржат финансиски импликации и со тоа ги прават предлозите крајно несериозни и избрзани.

Затоа ве молам имајки во предвид дека овој пат воопштоне ги добивме мислењата од Одборот за акредитација, не знаеме какво е мислењето на еден од најважните органи кои што треба да одлучи и да препорача, по кој што ние треба да се раководиме какво е неговото мислење за да се произнесме да обезбедите услови за работа на пратениците, заради тоа што ова е нов парламентарен состав и пратениците имаат право да ги имаат сите информации за да можат полноправно да одлучуваат.

Имате обврска како петседател на Собранието да ги обезбедите мислењата од Одборот за акредитација за сите овие законски решенија, а потоа да продолжиме со работа.

Ве молам ова да го прифатите најсериозно, не како обид да се одложи расправата, заради тоа што ние сме се изјасниле и претходно дека овие закони ќе ги подржимеимајќи го во предвид карактерот на нивната содржина, меѓутоа да се држиме до процедурата и да овозможиме на пратениците потполно точни инфорамции за да можат да одлучат на крај како ќе се изјаснат за овие закони.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Процедурално за збор се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Вие согласно овој Деловник сте обврзани согласно процедура да ги водите седниците. Мојата процедурална забелешка овој пат е согласно членовите 136 и 137 кои ве обврзуваат вас Предлогот за донесување на закон да мора да содржи "износ на финансиските средства потребни за спроведување на овој закон".

Во членот 137 директно до вас, до колку тоа го нема вие сте должни да ги обезбедите потребните содржини на образложеението на Предлогот на законот.

Бидејќи ова ви е трета седница со која вие во новиот парламентарен состав заседавате, ќе ви одземам можеби на збунетост, можеби на време потребно за да се адаптирате, но немојте да дозволите уште на првите седници грубо да бидат прекршувани деловничките одредби. Лоша порака ќе пратиме, впрочем и заради тоа имавме предвремени парламентарни избори. Солжни сме да донесуваме квалитетни закони особено кога се однесуваат од сферата на образованието "знаењето е сила" "знаењето е моќ".

Дајте да не дозволиме без точно утврден финансиски износ да им даваме право на министрите за фианнсии во оставка да можат да повлекуваат кој колку ќе сака и колку ќе им текне буџетски средства за спроведување на одредбите од овој Закон.

Затоа ве молам повторно да побарате пауза и да обезбедите финансиски извештај за имплементација на Законот за основање на универзитет за информатички технологии во Скопје, бидејќи во принцип сите закони од образование ќе ја имате нашата подршка, но до колку се согласно деловничките одредби и законските одредби кои го налагаат тоа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За збор се јави вице премиерот Живко Јанкуловски. Повелете.

**Живко Јанкуловски:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас должам едно дообјаснување. Треба да се почитува ова што го бараат пратениците по однос на доставување на мислење од Одборот за акредитација и фискални импликации, но должам извинување од причини што секако Владата не смее да расправа по било кој закон до колку до Владата не е доставен образец за фискални импликации и мислење од Одборот за акредитација.

Мислењето е направено и доставено до Владата на 11 март 2008 година, не знам дали е стигнато тоа мислење до Собранието, меѓутоа, можам да го покажам и тоа мислење е од 11 март 2008 година и како комплетен закон потоа истиот се доставува до Собрание.

Значи, воопшто не станува збор за немање мислење од Одборот за акредитација и доставување образец за фискални импликации. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Со оглед на тоа дека од страна на Владата се укажа дека има доставено мислење до Собранието, ќе провериме во службите.

Ја прекинувам седницата и пауза до 15,00 часот.

Молам, координаторите на пратеничките групи да дојдат кај мене во канцеларија.

Продолжуваме со работа во 15.00 часот.

(Пауза од 13,38 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,16 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Со оглед на тоа што е поделен материјалот од Владата во однос на мислењето на Одборот за акредитација како и финансискиот план што беше побаран од страна на пратениците од опозицијата. Продолжуваме со работа.

Има збор господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Бидејќи прв пат се јавувам за збор во овој собраниски состав, би ја искористил приликата на вас лично да ви го честитам изборот за претседател и на колегите пратеници да им го честитам изборот и да им посакам успешна работа.

Бидејќи се работи за амандман поднесен од моја страна на предлогот за донесување по итна постапка на Законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје со кој што со мојот амандман се предлага овој Универзитет да биде основан во Велес, значи седиштето на Универзитетот и сите факултети кои што ќе работат во состав на Универзитетот да бидат лоцирани во Велес. За жал, предлагачот кога го одбиваше амандманот не даде образложение зошто не е прифатлив амандманот седиштето на Универзитетот да биде во Велес и пак ја користеше и за мене лично меѓутоа и за велешани да слушнат зошто се одбива еден таков предлог. Зошто го предлагам амандманот. Сметам дека Велес како град кој што во изминатите години доживеа страшна стагнација и назадување бидејќи беше индустриски град и фабриките во транзицијата пропаднаа се соочува со една состојба на бесперспективност. Бидејќи алтернативите за насочување на развојот на Велес во други области како што е земјоделието или некои други гранки од индустријата е практично во овој момент невозможен, сметам дека доколку една ваква установа би се лоцирала во Велес на некој начин би се отвориле перспективи за овој град. Со самото тоа што ќе се отвори Универзитетот ќе дојдат голем број на студенти кои што веројатно ќе седат во Велес на тој начин преку потрошувачката ќе ја помогнат економијата. Исто како што е наведено во предлогот за донесување на закон стои дека ќе се привлечат и странски инвеститори кои што своите инвестиции не ги насочуваат во Велес, пред се во Македонија, пред се затоа што нема ваков кадар би го одбрале во тој случај Велес како прва дестинација каде што можат своите инвестиции да ги лоцираат бидејќи постојат инфраструктурни објекти од претходните фабрики кои што сега стојат неискористени и навистина сметам дека ако Владата сака и парламентарното мнозинство на Велес да некој начин да му даде шанса за нов почеток, за нови насоки во развојот навистина универзитетот треба да биде лоциран во Велес. Постои одлука и во советот на општината Велес со која е доставено едно вакво барање седиштето да биде во нашиот град. Апелирам до колегите пратеници да дадат поддршка за овој амандман и навистина верувајте Велес е најпогодна локација за овој универзитет. Прво, не е многу далеку од Скопје. Значи не можеме да кажеме дека некој екстра трошоци ќе се создадат ако универзитетот се лоцира во Велес, а исто така постојат и просторни можности универзитетот да почне со работа во Велес. Веќе едно училиште се ослободи во нашиот град се пресели во друго училиште, значи постои цела училишна зграда во која што може да започне со работа универзитетот. Концентрацијата на сите важни институции и во делот на државната управа и во делот на образованието во Скопје, сметам дека е погрешна политика во Република Македонија и не можеме оправдувањето да го наоѓаме само во тоа што ќе пишеме дека во Скопје биле најголем број инвеститори, најголем број на фирми кои се занимаваат со проблематиката на информатичката технологија итн, туку дека мора и во другите градови да се даваат шанси да се развива економијата и да се развиваат дејностите. Затоа уште еднаш апелирам до колегите пратеници бидејќи Владата го одби амандманот да го подржат амандманот и навистина да помогнат на велешани и на градот да добие нов правец на развој и свои нови перспективи. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, 9 гласаа за, нема воздржани, 48 против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По амандманот на Владата вкупно гласаа 57 пратеници, од нив 9 гласаа за, воздржани нема, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот на предлогот...

Службите би ги замолил да проверат дали има 61 пратеник за да видиме дали е валидно гласањето.

Со оглед на тоа што немаше доволен број на пратеници гласањето не е валидно.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Со оглед на тоа што во салата има 61 пратеник го повторувам гласањето и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, 8 гласаа за, нема воздржани, 48 против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По амандманот на Владата вкупно гласаа 56 пратеници, од нив 8 гласаа за, воздржани нема, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот на предлогот на закон поднесен од пратеникот Марјанчо Николов.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Живко Јанкуловски, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот се одбива.

**Трајко Вељаноски:** Дали некој друг бара збор?

Збор бара господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Се работи во суштина за иста содржина на амандманите. Значи со овој амандман се предлага седиштето на универзитетот место во Скопје да биде во Велес. Министерот и овој пат не даде образложение зошто не го прифаќа амандманот и сметам дека такви штури образложенија од страна на на претставниците на Владата само со "се прифаќа" и "не се прифаќа" не одат во прилог на квалитетно донесување на закони во Собранието на Република Македонија. Значи уште еднаш да не се повторувам бидејќи претходно веќе зборував, апелирам на подршка до колегите пратеници седиштето на новиот универзитет за информатички технологии наместо во Скопје да биде во Велес и барам подршка за амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, 6 гласаа за, нема воздржани, 52 против.

Ги молам претседателот и члeновите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Еден.

По амандманот на Владата вкупно гласаа 59 пратеници, од нив 6 гласаа за, воздржани нема, против 53 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 поднесен на пратеникот Марјанчо Николов.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2, поднесен од пратениците Јани Макрадули и Славица Грковска-Лошкова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Јанкуловски Живко, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Дали некој друг бара збор?

Збор има госпоѓа Грковска-Лошкова Славица, повелете.

**Славица Грковска-Лошкова:** Благодарам претседателе.

Во предлогот што го добивме стои дека јазикот на кој ќе се одвива наставата на Универзитетот за информатички технологии ќе биде под комплетно на англиски јазик. Имајќи во предвид дека Уставот не дозволува ваква одредница, имајќи во предвид дека ...

**Трајко Вељаноски:** Колешке овој амандман е на член 4 став 2.

**Славица Лошковска-Грковска:** Се извинувам, очигледно дека станува збор за друг амандман. Со овој амандман ние предлагаме отворањето на наведените факултети да почне наместо 2010-2011 година како што е во Предлог законот да започне 2009-2010 година од проста причина што сметаме дека не треба да се пролонгира толку долго отварањето на овие факултети. Станува збор за факулетот за роботика, за факултетот за медиумски технологии, факултетот за информациони системи и сервиси и факултетот за биомедицински инженерство.

Ако Владата направила проценка дека останатите фаскулети и покрај сите бројни недостатоци кои што ги има и во мислењето на Одборот за акредитација, може да ги започне веднаш од 1-ви септември оваа година, 2008-2009 година. Тогаш јас не гледам причина зошто Владата се сомнева во себе и смета дека нема доволен капацитет за една година дополнително 2009-2010 година да го овозможи функционирањето на овие факултети што ги наведовме. Значи тоа е сосема спротивно на политиката што ја лобира Владата за овозможување на поголем број на факултети кои што ќе овозможат образување на кадри од информатичките технологии кои што ќе овозможат и напредок во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, за гласаа 5 пратеници, воздржани нема, против 56.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот молам да крене рака?(нема)

Дали е некој воздржан?(нема)

Дали е некој против?(еден)

По амандманот гласаа вкупно 62 пратеника,од кои 5 гласаа за, воздржани нема, 57 пратеника гласаа против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 2 поднесен од пратениците Јани Макрадули и Славица Лошковска- Грковска.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 5-а по членот 5 поднесен од пратениците Јани Макрадули и Славица Лошкова-Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јанкуловски Живко.

Повелете.

**Живко Јанкулоски:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Дали некој друг бара збор?

Господин Макрадули Јани.

Повелете.

**Јани Макрадули:** Амандманот се однесува на една дилема која со предложениот закон се наметнува, а која што се коси со Законот со високо образование и би сакал претставникот на Владата да го протолкува Законот за високо образование кој што во член 103 став 1 вели дека наставата на високо образовните установи се изведува на македонски јазик.

Имено со предложениот закон се предвидува наставата изведува на англиски јазик, затоа го чувме и потпаролот на Владата Боцевски со какво омаловажување се однесуваше кон наставниот кадар во Македонија, потенцирајќи некои квази експерти кои што ќе дојдат **чии** биографии се многу по неквалитетни од она што го имаме во овој моменет во Македонија. Но, тоа да го оставиме на страна.

Ме интересира, насавата на високообразовните установи се изведува на македонски јазик, член 103 од Законот за високо образовние. Со законот што ни се предлага, се предлага да се води настав на англиски јазик. Знам дека тоа добро ќе дојде за мојот Електротехнички факултет, многу студенти ќе се решат да останат на Електротехничкиот факултет и информатичките технологии. Но, дали можеме да формираме факулетет и надвор од овој закон за високо образование, а првата реченица на новоизбраниот ректор што ја слушнавме, беше дека тој ќе работи согласно Законот за високо образование. Која е законската основа и оправданост што ја наоѓа Владата за ова?

Никој не вели дека е тоа лошо, ниокј не вели дека тоа не е потребно, но дајте да дадеме законска рамка тоа да личи онака, како што пишува во Законот за високо образование.

Амандманот само ја отвора дилемата зошто Владата се решила за еден незаконски предлог што во овој момент нема поткрепа во Законот за високо образование, а од практична причина е во ред. Но, законски нема подршка за да може да се спроведе.

Барам одговор од Владата за ова. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор..

За збор се пријави господин Јанкуловски Живко.

Повелете, имате збор.

**Живко Јанкуловски:** почитуван претседателе,

Пратеникот тоа го прочита од образложението на Законот за формирање факултет за информатички технологии каде што кажува дека ќе се изведува наставата на англиски јазик.

Можам да одговорам само дека ќе се почитува системскиот закон и дека настава ќе има и на македонски јазик. Меѓутоа, не знам од кои причини немаше воопшто потреба да се дава во образложението дека ќе се изведува и на македонски јазик и на другите јазици. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Репилика има господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Добро, тогаш ги дематира со ова, претставникот на Владата, изјавите и колумните на Никола Груевски и Зоран Ставрески, дека ќе се формира факултет на кој што наставата ќе биде на англиски јазик, каде што некои чудотворци од странство ќе дојдат да ни држат овде предавања. Значи сето тоа паѓа во вода со оваа изјава. Давате предлог на закон, а не знаете како ќе се одвива наставата. Затоа викаат старите "брза кучка слепи кучиња раѓа´" за жал. од ова брзање никој нема да има ќар. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор Славица Лошкова- Грковска.

Повелете.

**Славица Лошкова-Грковска:** Благодарам претседателе.

Сакам да го корегирам министерот во оставка дека не е во образложението на Законот туку дека во проектот, така барем пишува во документот кој што вие ни го дадовте дека во проектот се предлага наставата на сите нивоа да биде на англиски јазик, со што универзитетот би станал достапен и за студентите од поширокиот регион околу Република Македонија.

Значи сакам да укажам уште еднаш дека ова е и против уставно и против Законот за вискоко образование кој што вие го предложивте по ваш терк, по вашите желби е изгласан во Собранието на Република Македонија и покрај тоа што укажувавме на бројни недоследности по Предлог на законот и затоа ваша ќе биде одговорноста за начинот којшто ќе го усвоите овој закон и на кој што ќе го спроведете понатака. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, за гласаа 6 пратеници, воздржани нема, против 55.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот молам да крене рака?(нема)

Дали е некој воздржан?(нема)

Дали е некој против?(тројца)

По амандманот гласаа вкупно 64 пратеника,од кои 6 гласаа за, воздржани нема, 58 пратеника гласаа против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање на нов член 5-а по членот 5, поднесен од пратениците Јани Макрадули и Славица Грковска.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Има збор госпоѓа Грковска-Лошкова Славица.

**Славица Грковска-Лошкова:** Почитуван претседателе колешки и колеги пратеници.

Јас се прашувам денеска воопшто за што дискутираме, затоа што ако судиме по медиумите и рекламната кампања што ја води Владата на Република Македонија, каква што немало ни во времето на комунизмот кој што милувате да го спомнувате господа од ВМРО-ДПМНЕ е многу често, а очигледно го практицирате многу полош систем од тој. Овие факултети се веќе формирани и вие ги рекламирате како да се веЌе формирани и со тоа практички ја маргинализирате улогата на парламентот. Јас претседателе ќе ве држам вас за збор додека сте претседател на Собранието дека ќе се борите за дигнитетот на Собранието на Република Македонија, меѓутоа се сомневам дека ќе успеете во тоа, имајќи во предвид дека имаме мандатар во овој момент којшто пополно тоталитарно се однесува и воспоставува полека но сигурно тоталитарен систем и апсолутистички систем во Република Македонија, а тоа го покажа меѓу другото и ваквите реклами. Рекламирање на закони на факултети кои што воопшто не се сеуште формирани и воопшто не се минати во процедурата во Собранието на Република Македонија. И се прашувам што ќе се случи сега парламентарното мнозинство се одлучи дека не треба да се формираат вакви закони. Што ќе се случи тогаш и со рекламната кампања на Владата и со информациите кои веќе се дојдени до граѓаните на Република Македонија дека овие факултети постојат, а дефакто не постојат уште. Она што го имаме како предлог денеска само е потврда за она што го зборувавме две години во Собранието на Република Македонија е дека ниту има концепција ниту има стратегија во образованието. Има само ад хог предложени законски решенија кои што се повеќе желба отколку сериозно подготвен предлог. И тоа би требало сите да не загрижува. Заради тоа што образованието не трпи импровизации, заради тоа што образованието не трпи експерименти и било какви импровиции и експерименти во образованието ќе имаат сериозни импликации во нашата држава. Без оглед дали на тоа на некого во моменто ми изгледа навистина така или пак без оглед дали може да ги сфати сериозните последици од брзоплета политика во образованието. Ние добивме непотполни законски решенија, не добро подготвени од преголемата желба за популизам по секоја основа без да се води сметка дали на ваков начин ќе се зададе практички сериозен удар на квалитетот на образовниот систем и колку ваквите решенија ќе бидат издржани. Јас претседателе ќе дадам еден општ претрес по сите закони заради тоа што нема да зборувам за сите подоцна туку ќе направам еден преглед на сите закони кои што се предложени сега и кои се предлагаат формирање на универзитети и факултети, заради тоа што оваа дискусија практички важи за сите предлог законски решенија. Додека дебатиравме за законот за високо образование меѓудругото ја истакнавме нашата загриженост дека со законските решенија особено начинот на кој ќе се формира одборот за акредитација и останатите органи дека се врши комплетна партизација во високото образование. И не помина многу време кога Владата го потврди практички нашето сомневање со избор на одбор за акредитација кој што е чисто партиски. Тој чисто партиски одбор за акредитација во висина на својата задача ги добил во петок еден ден пред да ги разгледува одборот за акредитација, сите овие закони и успеал во саботата да ги разгледа сите проекти, сите елаборати и да даде за сите нив мислење. Само да ве потсетам во одборот за акредитација е господинот Ѓорѓи Иванов, господинот Саркања, останати членови на Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ, исто така државниот секретар во Министерството за образование и наука, се истакнати членови на ВМРО-ДПМНЕ и очигледно заслужни кадри за она што треба да го реализираат, а тоа е комплетна партизација на високото образование. Меѓутоа и тој таков партиски одбор за акредитација констатирал дека во сите закони недосига фискална конструкција, финансиска конструкција, за тоа колку точно средства на овие факултети, универзитети ќе зафаќаат од Буџетот за Република Македонија и препорачува Владата да почне со реализација под услов да се достави фискален образец во кој треба да биде прикажен износот на потребните средства за основање и работа на новите факултети од Буџетот на Република Македонија. Во сите укажува дека ангажирањето наставници од постоечките факултети за изведување на настава во новите факултети треба да биде од времена природа затотоа што постоечкиот број на научен персонал е недоволен за современа настава според барањето на европскиот кредиттрансфер систем за актуелниот број на студенти што се планираат да студираат и на универзитетот за информатички технологии меѓутоа и на другите факултети.

Исто така, истиот тој партиски одбор за акредитација, претседател господине Ѓорѓи Иванов именуван од Владата на Република Македонија укажува дека одборот за акредитација дека треба да се обезбедат просторни услови за функционирање и на универзитето и останатите факултети. Дека е потребно да се обезбеди најсовремена опрема меѓутоа исто така и дополнителни средства од Буџетот за оние проекции што се до сега за сега направени за да можат нормално да функционираат и да се изведува квалитетна настава. Истото се однесува и за факултетите и при Универзитетот Гоце Делчев во Штип во кој што меѓу другото се укажува од истиот тој партиски одбор за акредитација дека треба да се обезбедат и финансиски средства меѓутоа и наставен кадар кој што нема да го загрози функционирањето на веќе постоечките државни универзитети и факултети во Република Македонија. Меѓутоа ние за жал, до сега немаме никакво уверување дека тоа така и ќе се случува понатака. Ваквото брзоплето предлагање на законите и ваквото брзоплето предлагање и отворање на нови факултети може е популистичка мерка во прв момент меѓутоа сериозно ќе го наруши квалитетот на образовниот систем заради тоа што нема овозможено нормални услови и од професионален кадар и од просторни услови и од финансиски средства за да може да почне нивното работење во предвидениот рок кој што Владата го предлага самата го предлага во овие закони. Она што уште повеќе загрижува е тоа што одборот за акредитација и за оние неколку проценки што се направени укажува дека потребно е да се размислува за уште повеќе финансиски средства за да може да се обезбедат соодветни инфраструктурни меѓутоа не само инфраструктурни меѓутоа и соодветна опрема за современо изведување на наставата. Значи имаме еден крајно несериозен предлог, а одлична идеја меѓутоа било каква идеа во погрешно време неподготвена е рамна на пропаст.

Од друга страна еден од аргументите што беше искажан од колегата пратеник, некогашен заменик министер во Министерството за образование и наука беше целта е да се зголеми можноста за поголемиот опфат на завршени средношколци кои ќе се запишат во високообразовните институции.

Од друга страна друг претставник на Министерството се фали дека само за една година откако ВМРО-ДПМНЕ е на власт бројот на средношколци кои се запишале на високообразовни институции и зголемен и сега достигнува 80% од вкупниот број на средношколци во Република Македонија.

Јас ве прашувам тогаш каква е оправданоста за отворање на толку голем број на нови факултети ако веќе ние сме ја достигнале европската рамка од 80% на завршени средношколци кои се запишуваат на високообразовните институции во Република Македонија. Со контрадикторни предлози, со контрадикторни податоци добиваме законски предлози кои ќе имаат сериозни импликации на Буџетот за кој бевме уверувани од претставниците на Владата кои се согласија со нас, господинот Лазаров морам да кажам дека тоа го кажа на Комисијата за образование и наука дека е точна нашата бојазност дека нема во овој актуелен Буџет на Република Македонија доволно средства за да почне реализацијата на вакви проекти од 1 септември или од 1 октомври како што предвидува Владата.

Значи, Собранието ќе ги усвои овие закони денеска, нема доволно средства во актуелниот буџет за реализација на ваквите законски проекти за отпочнување на функционирање на факултетите на Универзитетот, јас се прашувам како ќе се реализираат овие предлози кога дефакто од старт нема финансиска иницијална announce капсла за нивна реализација. Затоа мислам дека должите многу одговори заради тоа што, ќе повторам, образованието не е играчка. Не е доволно само премиерот да има желба и по секоја цена да му се исполнуваат желбите без да се согледаат нивните последици. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За реплика е пријавен господинот Јован Лазаров, повелете.

**Јован Лазаров:** Бидејќи бев спомнат, јас одговорив на прашањето на Комисијата дека во тој момент немаше средства предвидени во Буџетот на Република Македонија. Меѓутоа, кажав и тогаш, но еве и сега ќе повторам во ребалансот на Буџетот на Република Македонија што ќе го донесе ова Собрание ќе има предвидено средства за сите факултети што ќе бидат отворени. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика за Славица Грковска Лошкова.

**Славица Грковска Лошкова:** Господине Лазаров еве ќе ве цитирам, ова е стенграмот од седницата на Комисијата за образование, наука и спорт, во него велите: околу средствата, се разбира, дека во Буџетот нема доволно средства, но по донесувањето на Законот ќе следи ребаланс на Буџетот каде ќе се предвидат средства за отворање на сите факултети и универзитети кои се на дневен ред. Се планира почетокот на учебната година да биде 1 октомври. Ништо не се изменило од моментот кога ги дебатиравме законите на Комисијата до денеска. Ниту имаме нов буџет ниту имаме нови проекции. Очигледно е дека фискалната конструкција, финансиската конструкција Владата не ја направила во меѓувреме ниту се потрудила да обезбеди или да предложи ребаланс. Ние не можеме како пратеници да си дозволиме да зборуваме што би било кога би било. Дајте ние да ги усвоиме сега, па можеби Владата ќе предложи ребаланс во кој можеби ние ќе дозволиме дополнителни финансиски средства за од 1 септември или 1 октомври да почнат факултетите да работат. Ние немаме влада.

**Трајко Вељаноски:** Ви истече времето.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Последната реплика на господинот Лазаров е уште еден доказ дека овој закон што е предложен не е во согласност со Законот за високо образование.

Значи, во Законот за високо образование точно стои во процедурите за отворање на нов факултет или универзитет ако имате средства како еден од условите, тогаш можете да отворите високообразовна институција. Последниот коментар, последната реплика е доказ дека средства во овој момент нема. Можеби кога ќе биде ребалансот ќе има, но, за жал, во едно Собрание зборуваме за момент на факти, а фактите зборуваат дека предложениот Предлог закон не е согласно Законот.

За жал, една благородна идеја, јас не гледам зошто би ја сменил таа реторика, со ВМРО-визацијата на таа благородна идеја, за жал, ќе направи многу проблеми и затоа Одборот за акредитација и укажува не за џабе во членот 29 од Законот за високо образование пишува, покрај условите утврдени во членовите 27 и 28 од овој закон за основање на приватна високообразовна институција или други мора да постои квалитетна финансиска гаранција каде треба да се грижиме за студентите или преточено во Одборот за акредитација треба да се обезбеди при основањето на јавен универзитет не смее да се наруши одвивањето на наставата на факултетите по информатика на постојните јавни универзитети. Во овој момент има распишан конкурс, согласно Законот за високо образование, по тој конкурс има дисперзирани студии во Куманово за информатика кои треба да ги држат професорите од Факултетот на електротехника и информациски технологии за 60 работни места. Зголемена е квотата на Природно математичкиот факултет.

Дали сега кога денеска ќе се изгласа ова е можно на 15 септември, бидејќи така вели Законот за високото образование ние да дадеме амин на институција која на 15 септември ќе почне со 20 странски професори да врши настава во Република Македонија. На кого му ги мачкаме очите? Денеска сме 30 јуни, за 8 дена кога ќе излезе, бидејќи денеска ќе го усвоиме законот, во "Службен весник" од 7 јули треба да се формира матична комисија. Матичната комисија ќе регрутира странски професори кои треба да се јават на конкурс да конкурираат, ќе треба да ги избереме, ќе треба да изградиме сала како што господинот Лазаров вели во Аеродром за 300 студенти и на 15 септември да почне наставата. Е па, и ако е од Груевски, многу е. Не се стигнува. Да не ги лажеме луѓето дека ќе има настава на англиски јазик од реномирани странски професори или ако ги броите како Веле Самак и Иво Ивановски експерти од странство, тогаш може, но луѓето си имаа CB - луѓе што си имаат сентификан индекс поени, па таму се знае кој е кадарен професор да држи настава.

Затоа мојата дилема е овде што ќе се случува со 60 студенти во Куманово кои се со конкурс да бидат дисперзирана настава од Факултетот за електротехника и информациски технологии. Дали бројот на студенти што е зголемен на ПМФ ќе остане или ќе дојдат во оваа високо образовна институција.

На крајот на краиштата каде ќе се изведува наставата на овој универзитет? Во кои простории? Не за џабе одборот за акредитација напишал две работи, напишал повеќе работи кои се битни за добра опрема, најсовремена опрема и за дополнителни средства за нејзина набавка. Во тоа не се сомневам. Оваа Влада е мајстор за набавки. Но, пишува дека при основањето на новиот јавен универзитет не смее да се наруши одвивањето на наставата на факултетите и за таа цел на постоечките и за таа цел преку облиците за соработка на јавни универзитети треба да се обезбеди рамноправен распоред на наставниците кои изведуваат настава, ама нема за овие затоа што овие ќе бидат од странство. Или треба да се обезбеди уште на почетокот неопходна соработка при изготвувањето и усвојувањето на студиските и предметните програми по информатичко образование во постапката на нивна акредитација и свое мислење да дадат соодветните факултети од акредитираните државни универзитети. За жал, тука не гледам дека Природно математичкиот факултет ниту Факултетот за електротехника и информациски технологии дал свое мислење. Со тоа Одборот за акредитација вели дека е неопходно за да се овозможи и усогласат студиските програми и ќе се одбегнат непотребните повторувања односно дали во седум града треба да учиме еден програмски јазик или тој да го поделиме на два факултети по два да се изучуваат. Тоа во Предлогот недостасува. Остануваат многу дилеми, за жал, се плашам дека ќе дојде до растурање на една исклучително квалитетна високообразовна институција како што бил Факултетот за електротехника и информациски технологии, бидејќи нема ниту опстоен елаборат, ниту има средства за да може непречено од септември 2008 година да започне наставата. Не може ниту да се изгради факултет до 15 септември ниту да се изберат наставници ниту може да се пријават толку странски професори да држат настава, единствено само студентите ќе претрпат и, за жал, неколку високообразовни институции кои со години, години се градени и оставиле впечаток во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се пријави господинот Јован Лазаров, повелете.

**Јован Лазаров:** Благодарам претседателе.

Уште едно спомнување на моето име.

Процедурата е следна: прво се носи законот за основање на некоја институција, па дури потоа се предвидуваат средства во Буџетот. Не може во Буџет да се предвидат средства за нешто што не постои. Јас ќе ги потсетам почитуваните колеги

пратеници дека така беше и за Штип кога го формиравме универзитетот, така беше за Битола за администрација и менаџмент по информациската технологија значи прво со закон ги формиравме овде, потоа Владата достави Предлог за измена на Буџетот односно ребалансот каде се предвидоа средства за овие универзитети и факултети. Така ќе биде и сега.

На крај кога ќе се донесе законот, кога ќе се предвидат средства во Буџетот, надлежниот министер за образование носи решение за исполнетоста на условите за почеток со работа на било која високообразовна институција. Тоа значи има закон, има средства, има простор, има наставен кадар, има опрема и тогаш се дава решението за почеток со работа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се пријави господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Добро, не можеме да се разбереме но еве да го цитирам уште еднаш господинот Јован Лазаров кој вели: планирано е понатаму за универзитетот да се изгради посебен објект во општина Аеродром. За старт на новите факултети Владата предвидела во Буџетот 24 милиони евра. Како предвидела ако уште не е изгласан законот? Но, тоа е само почетна сума. Ни еден факултет нема да почне со работа доколку претходно во Буџетот не се предвидени средства кои ќе се обезбедат со ребаланс на Буџетот во јули. Значи, не е точно дека прво треба да се донесе законот, па после да се бараат пари. Ако не ги најдеме парите што ќе правиме со законот.

Како е можно до 15 септември да изградите зграда во Аеродром, три факултети, два институти, да изберете професори, да распишете конкурс и што е со постоечките дали ќе одговори некој, од постоечкиот конкурс. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За реплика е пријавен господинот Живко Јанкуловски, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Благодарам, сакав само едно мало дообјаснување. Впрочем и Лазаров дел од моето објаснување го кажа, но треба да имаме во предвод дека тоа е предвидено и со Законот ни еден факултет нема да започне со работа се додека формираната Верификациона комисија од страна на министерот не даде решение за работа на соодветниот факултет. Тоа значи со работа секој факултет ќе отпочне откако ќе се добие позитивно решение од Верификационата комисија на министерот.

Само уште една мало дообјаснување по однос на одборот за акредитација. Должен сум да објаснам дека во тој Одбор за акредитација сите членови се легитимни. Споменатиот државен секретар не е член на одборот за акредитација и повеќето членови се членови на Интеруниверзитетската конференција. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика е пријавен господинот Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Како што вели заменик премиерот во заминување еве го Службениот весник број 43 од 1 април 2008 година. Верувам дека не е првоаприлска шега бидејќи е на 1 април бидејќи вели за претседател е избран Ѓорѓи Иванов, нормално, за член Бранислав Саркањац, нормално и Перо Стојановски тука пишува. Затоа да немаме дилема. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Господине претседателе не мислев да се јавам по втор пат за збор, меѓутоа, бидејќи претставниците на Владата сега не знам во кое својство зборуваше господинот Лазаров дали како пратеник или како претставник на Владата, отворија некои дилеми околу реализацијата на овој законски проект.

Од она што го зборуваа и господинот Лазаров и господинот Јанкуловски се поставува прашањето дали она што е напишано во законот дека дел од предложените факултети и при новиот универзитет и при другите универзитети ќе успеат да отпочнат со работа во учебната 2008/2009 година.

Не ја разбирам потребата да се брза по итна постапка да се носат овие закони. Ако претходното Собрание и претходната Влада брзаа бидејќи знаеја дека ќе има предвремени избори и ќе сакаа пред гласачите да се пофалат дека еве отвориле многу високообразовни институции, па дури и еден универзитет, изборите поминаа. Сега имаме еден период од 4 години во кој овие идеи кои кажавме сите како опозиција дека се добри можат да се реализираат полека со расчистени дилеми и во наредниот период. Не ги разбирам објаснувањата дека сега министерот Јанкуловски дава објаснување ако матичната комисија не даде позитивно мислење дали тоа го зборува само пред Парламентот, а знае дека матичната комисија ќе даде позитивно мислење и ќе проработат сите факултети или навистина се доведува во прашање почетокот за работа на универзитетот. Ако зборуваме дека немаме извршено ребаланс на буџетот и кога ќе се изврши ребалансот треба да следат постапки за јавни набавки, бидејќи се трошат буџетски средства. Знаеме дека тоа одзема време, знаеме дека има процедура со жалби и други постапки. Дали се доведува во прашае до 1 октомври ќе бидат подготвени универзитетите да функционираат или ќе импровизираме. Наставен кадар пишува дека Одборот за акредитација не може во моментот да се обезбеди доволно за оние факултети кои се планирани при универзитетот. Просторни услови исто така немаме. Не разбирам зошто Владата не седне да ги повлече овие предлози, да испадне пред Собранието со расчистени прашања да го планираме ребалансот. Ова се многу пари. Само за првата година новиот универзитет има потреба од 5,5 милиони евра, за 3 години се над 24 милиони евра. Не можеме со парите и со идеата така да импровизираме.

Затоа, предлагам да се повлече од законите или претставниците на Владата нека кажат јасно на 1 октомври ќе започне со работа Универзитетот и факултетите, ако не започне или ако има проблеми да си ја сноси одговорноста, а не вака да ни даваат различни одговори на прашањата и притоа да не е јасно што ќе се случува понатаму. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Ќе се обидам уште еднаш, сигурно повеќе гласачи стојад зад мене отколку зад Живко Јанкуловски, така што како пратеник барам барем минимум коректност во Собранието. Велам постои конкурс кој е отворен, кој предвидува дисперзирани студии за Информатика во Куманово 60 лица на број, дали тие остануваат или не. Дали 400 студенти што како квота се запишани, конкурсот го има на Природно математичкиот факултет, тој е како бафер да ги собере сите заинтересирани ќе остане или не. Правиме муабет или зборуваме за конкурс кој е во тек, зборуваме за деца од 18 години и мислам дека не треба ниту да си играме ниту да импровизираме сос ето ова. Сосема коректно ме интересира што е судбината на тој конкурс, дали од 15 септември ќе започне овој Универзитет или не, сосема нормални прашања. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Живко Јанкуловски, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Конкурсите остануваат и повторувам, секој факултет што ќе ги исполни условите за работа ќе почне со работа, а тоа значи откако ќе добие решение од Верификационата комисија составена при Министерството за образование и наука. Не можеме сега воопшто да кажуваме дали овој или оној факултет ќе отпочне со работа и ќе ги исполни тие услови. Ние се надеваме и се овозможуваат тие услови дека тие факултети ќе отпочнат со работа.

Сакам на претходниот пример што го кажуваше господинот пратеник да кажам дека државниот секретар е сеуште во Одборот за акредитација, да кажам дека на истата седница, значи веднаш на наредната седница државниот секретар е повлечен и државниот секретар не е член на Одборот за акредитација. На негово место е претставникот на Штуловиот универзитет.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 4 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедници кои не се мнозинство во Република Македонија.

Претходно едно појаснување. На координацијата на координаторите на пратеничките групи доставивме список на пратеници, тоа е бројката од 35 пратеници на Собранието на Република Македонија кои се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Исто така, начинот на изјаснување кога се гласа, овие пратеници што се припадници на заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, и вториот пат кога гласаат, гласаат на електронски начин, значи не со кревање на рака како што беше претходно, затоа што системот тоа го овозможува.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, сите гласаа за.

Го молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на закон со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

Двајца се за.

Дали има некој воздржан?

Нема.

Кој е против?

Никој не е против.

По предлогот на закон вкупно гласаа 72 пратеници, сите гласаа за.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 13, сите 13 гласале за.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија. а кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот на закон со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

Нема никој.

Дали има некој воздржан?

Нема воздржан.

Кој е против?

Нема против.

На седницата присуствуваа 13 пратеници кои припаѓаат на заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од нив за Предлогот на законот гласаа 13, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје.

**Минуваме на точката 3 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за**

**основање на Државен универзитет "Гоце Делчев" во Штип.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 4 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Марјанчо Николов поднесе амандман на член 1 став 2 алинеја 4, по кој Владата не се произнела.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Дали некој бара збор?

Има збор господин Алити Рафиз.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател.

Во име на парламентарната група на ДУИ бараме половина час пауза за дополнителни консултации кои се во однос на предложените закони. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Објавувам половина час пауза.

Продолжуваме со работа во 17,00 часот.

(Паузата започна во 16, 27 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,07 часот)

**Трајко Вељаноски:** Има збор пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Амандманот го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е повлечен.

Во меѓувреме пратеникот Цветанка Иванова поднесе амандман на член 1 став 1 и за додавање два нови става по ставот 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 и за додавање два нови става по ставот 1, поднесе од пратеникот Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Јанкуловски Живко, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот не се прифаќа.

Само кратко да кажам дека сепак за отворање на нов факултет потребно е да се достави барање до Министерството за образование кое треба да биде проследено до Одборот за акредитација за добивање на мислење. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Бидејќи се јавувам прв пат за збор би сакала претходно пред да го образложам амандманот кој што го поднесов да им го честитам изборот на пратеници на сите колеги во овој собраниски состав и воедно вам да ви го честитам изборот за претседател на Собранието на Република Македонија со надеж дека она што го ветивте во вашето излагање ќе го остварувате овие 4 години и секако ќе овозможувате да имаме еднакви можности како пратениците на позицијата така и пратениците на опозиција.

Со овој амандман што го поднесов сега барам Економскиот факултет и Земјоделскиот факултет при Државниот универзитет Гоце Делчев во Штип да имаат седиште во Струмица. Се одлучив за ваков амандман затоа што сметам дека нема поземјоделски регион од струмичкиот регион и секако дека заслужува во Струмица да биде седиштето на Земјоделскиот факултет на Државниот универзитет Гоце Делчев, а не во Штип и секако бидејќи Струмица е погранично место и граничи со две европски држави Грција и Бугарија, сосема е природно да се бара овој пограничен регион или Струмица да се развива во Универзитетски центар и постепено не да ја казнуваме Струмица, односно Владата да не ја казнува Струмица туку постепено да ја развива како универзитетски центар затоа што сметам дека така можеме да привлечеме со оглед на местоположбата географска каде се наоѓа имаме можности да овој регион или Струмица да го развиеме во универзитетски центар за кој што ќе бидат заинтересирани или да се запишуваат студенти и од соседните држави, а не како досега да се запишуваат нашите деца да студираат во соседните држави.

Принципиелно би поставила прашање, јас не очекувам дека ќе биде подржан мојот амандман затоа што секако парламентарното мнозинство си покажува дека и понатаму без оглед на се ја подржува Владата, би сакала само да поставам едно прашање до претставникот на предлагачот зошто користи два различни концепти на определување на седиште на факултетите кога се работи за Државниот универзитет Гоце Делчев. Во основниот закон за основање на Државен универзитетот Гоце Делчев во Штип, петте факултети кои се основани со донесувањето на законот немаат одредено седиште и јас како правник претпоставувам дека седиштето на сите тие факултети вклучително на Економскиот факултет и Земјоделскиот факултет седиштето им е во Штип, за да со предлогот со изменување и дополнување на законот за основање на Државен универзитет Гоце Делчев се променува концептот и сега новите 6 факултети кои се основаат со закон се утврдува седиште. Значи на првите 5 или 6 факултети кои се основани со донесувањето на законот седиштето се утврдува, претпоставувам со одлука на Влада, а останатите овие сега 6 дополнителни факултети кои што се основаат со

измените седиштето нивно им се утврдува со закон. Барам уште еднаш објаснување во оваа насока и барам уште еднаш пратениците особено во струмичкиот регион да ги подржат, да ги подржат амандманите односно да подржат амандман со кој што барам Економскиот и Земјоделскиот факултет на Државниот универзитет Гоце Делчев во Штип да бидат со седиште во Струмица, затоа што нема поголеми аргументи од аргументите што ги дадов претходно зошто го поднесувам овој амандман.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, 13 гласаа за, нема воздржани, 53 против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Нема.

По амандманот не гласаше никој од пратениците.

Вкупно гласаа 66 пратеници, од нив 13 гласаа за, воздржани нема, 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 1 став 1 и за додавање два нови става по ставот 1, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Продолжувам со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 од Уставот на Република Македонија и член 11 став 4 Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеници, сите гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (Никој).

Кој е против? (Никој).

По предлогот на законот вкупно гласаа 74 пратеници, од нив 74 гласаа за, воздржани нема, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 14 пратеника, сите гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има некој воздржан? (Никој).

Кој е против? (Никој).

На седницата присуствуваа 14 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за предлогот на законот гласаа 14, од гласањето не се воздржа никој, никој нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен универзитет Гоце Делчев во Штип.

**Минуваме на точка 4 - Предлог на закон за основање Технолошко-технички факултет, Ветеринарен факултет и Правен факултет во состав на Универзитетот Св. Климент Охридски во Битола**

Предлогот на закон ви е доставен.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 од Уставот на Република Македонија и член 11 став 4 Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот на законот.

Пратениците Јани Макрадули, Весна Бендевска, Менде Динески и Томе Џингоски поднесоа амандмани на насловот на Предлогот на законот.

Член 1, за менување на член 2, член 2 за додавање нов став 3 по ставот 2 и на член 3 по кои Владата не се произнела.

Во меѓувреме пратеницииите Јани Макрадули, Весна Бендевска, Менде Динески и Томе Џингоски ги повлекоа амандманите на насловот на Предлогот на законот, член 1, за менување на член 2 и на член 3 под архивски број 07-2433/9.

Пратеникот Роза Топузова Каревска поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот и на член 2 за додавање нов став 4 по ставот 4 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот поднесен од пратениците

Јани Макрадули, Весна Бендевска, Менде Динески и Томе Џингоски под архивски број 07-24/33/2.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Јанкуловски Живко, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Дали некој друг бара збор? (Никој)

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Иако очекувавме да ги прочитате по редослед сите амандмани не е битно.

**Трајко Вељаноски:** Може вака едно појаснување.

Не се читаат сите затоа што во меѓувреме може да дојдат нови не го знаеме дефинитивниот број на амандмани и затоа не се читаат како обично се читаат кога се во редовна постапка. Тоа е објаснувањето од стручните служби и јас го пренесувам. Повелете колешке.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Со овој амандман предлагаме во рамките на Универзитетот Св. Климент Охридски во Битола освен Технолошко-технички факултет, Ветеринарен факултет и Правен факултет што е содржина и на Предлогот што го добивме од страна на Владата предлагаме во рамките на Битолскиот универзитет да бидат отворени и следните факултети: Медицински факултет, Музичка академија, Филолошки факултет, Факултет за дипломатија, Рударско-геолошки факултет, Драмски факултет, Земјоделски факултет, Шумарски факултет, Археолошки факултет, Геодетски факултет, Факултет за дефектологија, Енолошки факултет и Факултет за рибарство и аквакултура. Со оглед на тоа што во списокот на амандмани и детално ги имаме предложено засебно секој од овие факултети ќе го задржиме правото тогаш да говориме повеќе. Но основна причина со која сметаме дека овие факултети заслужуваат да бидат составен дел на Битолскиот универзитет е заради тоа што сметаме дека отворањето на овие нови факултети ќе биде задоволена потребата од високо стручни кадри од обласа на овие науки од битолскиот регион односно од регионот кој е покриен со Универзитетот Св. Климент Охридски од Битола.

Ќе говориме засебно дека токму во овој регион постои традиција и потенцијал на стручни кадри што ќе ги исполнат овие услови.

Во предизборната програма "Сто чекори преродба", но овој пат надградена и проширена сметаме дека колегите припадници на владеачкото мнозинство ќе прифатат или ќе имаат трпение да ги сослушаат според нас навистина аргументирани предлози за секој од овие факултети поединечно. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господин Јанкуловски.

**Живко Јанкуловски:** Благодарам.

Сакам само да дадам едно дообјаснување, а тоа се однесува и на останатите амандмани бидејќи се однесуваат на отворање на други факултети во други градови.

Значи не само што сака пратеничката да се отворат факултети истото на пример и јас го имав како мое барање, меѓутоа видете мора во овој момент да се одбиваат амандманите од причина што треба да се почитува таа законска процедура како што беше побарано сп право да се достави мислење од Одборот за акредитација и фискални импликации. Значи потребата од отворање на нови факултети треба да се достави до Министерството за образование или пак да се иницира од самото Министерство за образование за да покасно по тоа прашање расправа Одборот за акредитација. Значи, затоа сакав уште еднаш да дадам мало објаснување бидејќи и останатите амандмани се слични и се однесуваат за отворање на некакви факултети. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Ќе цитирам наводи од програмата "Сто чекори преродба": "значи подготвивте закони за 29 нови факултети за проширување на постојните Државни универзитети, со една единствена цел, достапност на секој граѓанин на Република Македонија кон високо школските универзитети и за тоа имате подршка од наша страна како опозиција.

Ќе ги изаргументираме и нашето мислење дека не сте воделе сметка на традицијата, на потенцијалот и на реалните стопански побарувања во рамките на регионот кој го покрива Универзитетот Св. Климетн Охридски од Битола. Како за пример ќе го земам Рударско-геолошкиот факултет кој природно треба да биде отворен во Битола со седиште во Битола, заради Рударско енергетскиот комбинат во Битола, кој се наоѓа во Битола и кој згрижува или од кого живеат околу 5 илјади битолски семејства. Има економска оправданост за сите наши предлози и сметаме овие да бидат разгледани и од оваа Влада макар и на заминување. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам почитуван претседателе.

Бидејќи овој амандман се однесува на предлагањето на факултети кои што сметаме дека се поголем приоритет за поедините места отколку овие предложени сакам да појаснам дека предлозите се направени врз база на потребите на регионот и треба да надминат некои реални проблеми кои постојат со студирањето. Па по теркот на оваа техничка Влада кој го предлага овој закон и ние се водима од тоа да прво се

формира факултетот и потоа да ги помине сите институции на наоѓање и на финансиски средства и на акредитирање. Инаку, колку е целото ова и колку е цалата оваа манипулација со сите овие закони што се прават или обид за манипулација ќе посочам два примери. Имено Технолошко-техничкиот факултет постои како дисперзирани студии сега во Велес од страна на Св. Климент Охридски или второ Правниот факултет се предвидува Правен факултет во Кичево ама планираниот број на студенти во прва година би бил од Кичево 50, а во Битола 100 дисперзирани студенти и 30 во Стрга. при што она што цело време зборуваме условите за студирање треба финансиска конструкција за да можат да се овозможат. Ама за да целата таа илузија биде поткрепена некако во законот пишува дека просторните услови на Технолошко-техничкиот факултет во Велес ќе бидат обезбедени од страна на Владата и локалната самоуправа. Мислам дека не е ниту по ингеренциите на локалната самоуправа, ниту во Законот за локалната самоуправа, ниту во концептот на организирање на државата да локалната самоуправа биде таа што ќе биде сопственик или тој кој ќе го организира факултетот односно просторните услови. Мислам дека во услови кога апсолутно процесот на децентрализација е запрен и кога се минимизира улогата на локалната самоуправа да им се даде една таква тешка финансиска задача е прво нереално, не е законски, а е мислам мачкање и фрлање на прашина во очите. Затоа сите овие факултети што се предлагаат имаат смисла бидејќи како што ќе зборуваме за секој факултет поединечно многу поприродно е Рударско-геолошкиот факултет да биде во Битола, заради РЕК Битола, или Драмскиот факултет да биде во Битола заради престижноста на театарот од Битола, Археолошкиот факултет нема по природно место да биде во Охрид итн. итн.

Затоа кога ќе кажеме дека формираме факултет со 180 души во Кичево да им кажеме на граѓаните дека не е тоа така, туку Владата предлага само 50 студенти од Кичево, а другите 100, значи 100% повеќе ќе бидат од Битола , а 20 од Струга. Значи, дисперзираните студии кои што ги заменивме со факулети Владата се враќа ретроградно назад односно воведува дисперзираност на факултети што допрва ќе ги формира.

Затоа првиот амандман се однесува на формирање и за предлагање факултети на кои што многу поприродно им е местото отколку што се овие факулети што се дадени овде. Благодарам.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

За реплика се јави господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе

Би сакал да исправам еден број на неточности и невистини кои што беа изнесени од страна на господинот Макрадули без да навлегувам многу во дискусијата дали имаме ист концепт да направиме децентрализација на високотас образование, при тоа еднаш слушаме дека колегите од СДСМ го подржуваат тој процес, па после слушаме дека не го подржуваат. Па, гледаме дека после поднесуваат еден куп амандмани за додворување на гласачите итн, итн.

Меѓутоа базично кога се однесува за Велес.

Прво, господине Макрадули во Битола не постои технолошко- технички факултет, следствено на тоа не е возможно да има дисШерзирани студии во Велес од технолошко-технички факултет. Во Битола постио технички факултет и дисперзираните студии кои што се во Велес се однесуваат на специфичен смер поврзан со инфоматиката.

Второ, факултетот кој што треба да се основа во Велес се однесува на три сосема различни смерови од било кој смер што не постои практично на универзитетот Св. Климент во Битола. Така да дискутираме за две сосема различноиработи и ве молам кога ќе се обидувате да најдете аргументи чисто за напад на Владата бидете малку потемелни и подлабоко анализирајте ги работите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Анета Стефановска, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам претседателе,

Во врска со дискусиите на претходните дискутанти сакам да кажам дека ВМРО-ДПМНЕ е сериозна партија која што се занимава со темелни решенија и сите анализи покажаа дека токму овие три факултети кои што се предвидени во овој закон треба да бидат отворени. Имено униввверзиетот Климент Охридски во Битола е основан 1979 година и тој е со една стара традиција веднаш после скопскиот универзитет. На него студираат 13.000 студенти. Поседува повеќе факултети и сите анализи на експерите покажува точно дека потребно е да се отвори правен факултет на овој универзитет кој што ќе биде со седиште во Кичево и дисперзирани студии во Битола и Струга кој што ќе настојува да ги задоволи постојните две апелациони подрачја со голем број правосудни органи и со големи потреби за кадри од правната струка.

Ние имаме добиено и мислење од страна на експртите и од страна на ректоратот зошто е потребно да отвори правниот факултет во Кичево кој што составен дел на овој универзитет. Со самото тоа што ние сме држава која што е кандидат за влез во Европската унија и користиме фондови кои вршат развој на земјоделието и сточарството во нашата држава, исто така анализите покажаа дека е потребно и приоритет да се отвори ветеринарниот факулет на овој унивезитеткој што е втор по развиеност во нашата држава и е потребно заради развој на овој регион. На овие дејности замјоделието и сточарството да се зголеми бројот на овие кадри навреме, а не како што правеше претходната

Влада, за да можеме да ги исполниме европските стандарди кои што ќе се бараат од нас.

Во мислењето од ректоратот и универзитетот и експертите се покажува  дека ветеринарниот факултет произведе кадри кои што ќе бидат понатаму потребни за развој на земјоделието и сточарството во Република Македонија. Техничко-техничкиот факулетет повторно е во согласност со уставната одредба на Република Македонија која што ќе придонесе да го потикнува економскиот напредок и да се грижи за порамномерен  просторен и регионален развој на стопански недоволно развиените подрачја.

Квалификуваните  кадри се првиот предуслов за постигнувањето на овие цели. Значи не за џабе  е определено точно да имаат приоритет овие три факултети на овој регион. Тоа не значи дека тука ќе запре развојот на овој универзитет и дека ние нема понатаму да се развиваме и да придонесуваме и ние како пратеници во позиција, понатаму и анализите коишто ќе покажуваат каков вид на факулети понатаму ќе се отвараат. Но, приоритетите се ставија точно врз основа на анализите на експертите  дека е потребно овие три факултети  да добијат приоритет. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеника, за гласаа 12, нема воздржани, против 56.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот молам да крене рака?(никој)

Дали е некој воздржан?(никој)

Дали е некој против?(никој)

За амандамнот вкупно гласаа 68 пратеника од нив за гласаа 12, воздржани нема, против 56.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот на Предлогот на закон поднесен од пратениците Јани Макрадули, Весна Бендевска , Менде Динески и Томе Чинговски под архивски број 07-2433/2.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на закон  поднесен од пратениците Јани Макрадули, Весна Бендевска  , Менде Динески и Томе Чинговски под архивски број 07-24/3.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Живко Јанкуловски.

**Живко Јанкуловски :**

Амандманот не се прифаќа.

Причините се исти како и за претходниот амандман. Значи треба да се запази процедурата.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе,

Навистина очекував многу по кооперативен и многу по локал патриотиски однос на вице премиерот на Владата во заминување господинот Јанкуловски, особено заради тоа што и господинот Јанкуловски потекнува токму од вработените на универзитетот Св. Климент Охридски во Битола.

Значи со овој амандман со колегите предлагаме отварање на драмски факулетет со седиште во Битола. И повторно ќе се послужам  со заложбите што ВМРО-ДПМНЕ ги вети токму на овие последни вонредни парламентарни избори. Тоа продолжување на децентрализцијата на културата и како што велат дека во 2006 и 2007 година започнале проекти што значат препород на културата тогаш за да го дефакто материјализирате оваа своја заложба треба да прифатат отварање на нов драмски факултет со седиште во Битола, особено заради тоа што 2008 година Битола е  прогласен за град на културата иако според според мое лично мислење тоа воопшто не беше потребно бидејќи Битола отсекогаш била центар на културата, Битола отсекогаш поседува значаен кадровски потенцијал, што значи посебно високо стручни кадри од областа  на оваа наука во овој регион се повеќе од потребни.

Мислам дека и не верувам дека ќе има владејачкото мнозинство разбирање за било кој наш предлог .

Меѓутоа повторно  ќе ги замолам моите колеги пратеници од Битола посебно колешката Анета Стафановска согласно на тоа што и беше вработена во една институција, државна институција во рамките на  културата да има разбирање и да даде свој скромен придонес во корист на граѓаните на општина Битоала. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави Јанкуловски Живко, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Благодарам.

Морам уште едно кратко објаснување, морам да бидам упорен. Значи очигледно не се има прочитано Законот за високо образование и повторувам мора да се почитува процедурата. Невозможно е тука да се прифати било каков амандман за отворање или за дисперзија на факултет без претходно да се почитува процедурата за барање односно добивање мислење од Одборот за акредитација. Затоа ја замолувам пратеничката, значи колку што таа е заинтересирана, толку сум јас повеќе заинтересиран за отворање на ваков или останатите факултети, меѓутоа тоа да го направиме сепак по законски пат.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се пријави Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Господине вицепремиер во оставка итноста што вие како претставник на Владата ја наметнавте во поглед на донесување на законите за нов факултет дефакто неовозможи ние да предложиме сериозни да ги доставиме до вас нашите сериозни предлози за отварање на факултети со седишта каде што има економска оправданост и логика и при тоа да побараме и мислење од Одборот за акредитации. Значи, вината околу оваа ваша забелешка лежи токму во Владата предводена сега веќе пратеникот Никола Груевски. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се пријави госпоѓа Стефановска Анета, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам претседателе.

Јас нема да и реплицирам на тој начин на госпоѓата Весна Бендевска бидејќи за жал, понатаму и покрај толку големиот пораз што го доживеаа во Битола и продолжува и понатаму да ја води истата игра. Жалам што не доби поука од сето тоа што го имаше како резултат во Битола. Сепак како град на културата и точно јас како еден човек кој што ја претставува културата и во овој Парламент сакам да кажам дека Битола е успешен град на културата со многу манифестации и госпоѓо Бендевска се пријавив заради граѓаните на град Битола кои што добро знаат да разликуваат и да гледаат што значи квалитет во културата, колку ние имаме придонесено во културата, колку проекти се реализирани во културата. Тоа не значи дека треба да се отвори Драмски факултет и да може таму да студираат кадри кои што би се дуплирале и не би имале каде да се вработуваат бидејќи ние имаме доволно квалитетни кадри во нашиот театар во градот Битола. Значи сепак ќе ви кажам дека ВМРО-ДПМНЕ е сериозна партија и се занимава со темелни решенија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Како еден од предлагачите на амандманот би сакал да се обидам да побарам подршка од парламентарното мнозинство. За жал, откога ВМРО-ДПМНЕ е на власт во Република Македонија театарот во Битола стагнира и битолчани ретко се сеќаваат кога последен пат биле на некоја квалитетна премиера. Еден од најпрочуените театри во Република Македонија е Народниот театар во Битола кој што зад себе има веројатно најмногу награди во Република Македонија од светските меридијани. Единственото свое гостување досега го има во Пожаревац и тоа му е максимум до каде што стигнал со ВМРО-ДПМНЕ. И те како има потреба за еден ваков факултет во Битола посебно што повеќето луѓе кои играат таму и не се од Битола, туку што гостуваат и се преселиле, луѓе што завршиле на факултетот за Драмски уметности овде во Скопје. И затоа за да се врати сјајот на театарот, за да се заборави цензурата што сакаше Никола Груевски да ја наметне со забрана на една претстава и те како е потребно да се даде простор и шанса на многу талентирани луѓе посебно има премногу млади трупи аматери кои играат, прават прекрасни претстави да најдат своe место или свое научно место каде што би се усовршувале каков што е еден факултет во овој случај Драмскиот театар во Битола. И затоа го предложивме овде, пратениците од изборната единица 5 го предложивме овој амандман кој што е слика на она што за жал, се случува во Битола со театарот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, 11 гласаа за, нема воздржани, 57 против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Нема.)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Нема.)

По амандманот вкупно гласаа 68 пратеници, од нив 11 гласаа за, воздржани нема, 57 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот на Предлогот на законот, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Весна Бендевска, Менде Динески и Томе Џингоски под архивски број 07-2433/3.

Амандманот на насловот на Предлогот на законот, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Весна Бендевска, Менде Динески и Томе Џингоски, под архивски број 07-2433/4 и амандманот на насловот на Предлогот на законот, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Весна Бендевска, Менде Динески и Томе Џингоски под архивски број 07-2433/19 се со слична содржина.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив оделно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, 61 гласаа за, нема воздржани, против 1.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Нема.)

Дали има некој воздржан? (Нема.)

Кој е против? (Нема.)

По амандманот вкупно гласаа 62 пратеници, од нив 61 гласаа за, воздржани нема, 1 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандман насловот на Предлогот на законот, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Весна Бендевска, Менде Динески и Томе Џингоски под архивски број 07-2433/4 и по амандманот на насловот на Предлогот на законот, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Весна Бендевска, Менде Динески и Томе Џингоски под архивски број 07-2433/19 кои се точки 3 и 17 од списокот на амандмани по кои Собранието води претрес.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Живко Јанкуловски, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот поради истите причини кои претходно ги објаснував не се прифаќа. И двата амандмани не се прифаќаат.

**Трајко Вељаноски:** Дали некој друг бара збор?

Има збор Чингоски Томе, повелете.

**Томе Чингоски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници и пратенички.

Јас мислам дека од непроценлива вредност ќе биде отворањето на факултет за археологија во Охрид затоа што знаеме, сведоци сме дека Охрид е еден од најголемите наоѓалишта на археолошки ископнини. Исто така голема потреба има Охрид и регионот од високо стручни кадри кои што ќе помагаат при реализација на овие проекти. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

На самиот почеток сакам да појаснам, за да не дојдат во заблуда почитуваните колеги пратеници, кои се надевам ги прочитаа амандманите поднесени од пратениците во ова Собрание меѓу другото се однесува на моите амандмани. Имено, јас поднесов амандман со слична содржина, каде што барам отворање на факултет за археологија, но мислев дека неговото седиште треба да биде во Прилеп. Со оглед дека колегите веќе имаат поднесено таков амандман, јас би сакала да дадам поддршка на овој амандман. Токму поради тоа јас поднесов амандман кој што вели дека во Прилеп, седиште го барам, а најверојатно и вие го добивте меѓувреме, факултет за историја на културата. Кога ќе дојде на ред ќе објаснам зошто е посоодветно тоа, а сега би сакала само кратка поддршка околу овој амандман.

Покрај она што го истакна колегата, подносител на амандманот, мислам дека нема потреба многу да се објаснува што всушност претставува Охрид како колевка на културата во Република Македонија, а потребата од еден ваков факултет сеуште повеќе е значајна, затоа што навистина студентите кои ќе можат да ги обавуваат своите студии во Охрид ќе имаат можност да бидат присутни на голем број локалитети со различна хронологија, почнувајќи од праисторијата, па се до средниот век.

Според тоа, ќе можат многу успешно да ја обавуваат својата практична работа. Дотолку повеќе, мислам дека местото на еден таков факултет е во Охрид, потпирајќи се на програмските определби на оваа Влада која што инвестира во археолошките истражувања на Плаошник и Самоиловата тврдина, реков дека студентите ќе можат на најсоодветното место да се здобиваат не само со стручни знаења, туку и со практична работа.

Не гледам ништо лошо да имаме еден факултет кој што можеби ќе биде и дел од Свети Климентовиот универзитет или уште повеќе ќе може да ја има својата надградба на богатото културно и историско минато на нашата земја токму во градот кој што навистина претставува еден од поретките градови со изобилство на археолошки локалитети не само во Македонија, туку и пошироко на Балканот, па дури и во светски размери. Дотолку повеќе местото на еден универзитет е токму во Охрид, затоа што ги знаеме и заложбите овој град да стане под заштита на УНЕСКО и тоа не само во областа на Охридското Езеро, туку и пошироко врз неговото целокупно културно историско минато.

Се надевам дека колегите од парламентарното мнозинство нема да се спротивстават на оваа идеја, а тоа што почитуваниот заменик министер има образложение дека не може да се основа факултет, мислам дека е малку повеќе контрадикторен, затоа што работите со самиот Предлог на закон се поставени на глава, наместо на нозе, можеби токму поради тоа сега доаѓаат и вакви амандмани.

Но, со оглед на нелогичноста на постапката со која што се води целокупната процедура, не гледам воопшто овие амандмани не би биле логични. Имено, имаме една процедура која што е од самиот почеток изместена. Ниту за еден од овие универзитети што се предложени пред нас не видов сериозно изготвен елаборат со целокупната програма која што треба да ја имаме, кадарот кој што треба да го содржи, просторните услови и да не набројувам, најдобро тоа го знае предлагачот на законот.

Поради ова или ќе се почитува она што на почетокот е кажано дека се потребни овие универзитети и навистина произлегуваат од нивната економска оправданост или пак повторно ќе дебатираме за нешто кое што јас најмалку би сакала Уставниот суд да ги поништи овие закони, затоа што пред се ќе бидат засегнати младите кадри во Република Македонија, оние кои што ја претставуваат иднината на нашата земја.

Го замолувам колегата од Охрид од ВМРО-ДПМНЕ да има малку трпение, мислев дека после ова ќе се јави и да даде поддршка на овој амандман. Се извинувам што му одзедов од неговото драгоцено време пет минути повеќе, најверојатно ќе го потрошеше за кампања за

неговата градоначалничка функција. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Амандманот на насловот на Предлогот на закон, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Весна Бендевска, Менде Динески, Томе Чингоски под архивски број 07-2433/4 го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, за гласаа 11, воздржани нема, против 57 пратеници.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Нема).

Дали има воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По амандманот вкупно гласаа 68 пратеника, од нив за гласаа 11, воздржани нема, против 57.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот на Предлогот на законот поднесен од пратениците Јани Макрадули, Весна Бендевска, Менде Динески, Томе Чингоски под архивски број 07-2433/4.

Пред да преминеме на гласање по вториот амандман бара збор господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, бидејќи една група на амандмани кои се поврзани со археолошкиот факултет заеднички ги разгледуваме во име на предлагачите амандманите со реден број во листата 173853/74 ги повлекуваме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Со оглед дека е повлечен амандманот мислам дека се однесува под архивски број 07-2433/19. Тој амандман се повлекува.

Со оглед на тоа дека истекува времето за денешнава седница, ја прекинувам работата на денешнава седница, утре продолжуваме во 11,00 часот со истата седница.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,55 часот)